МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

WE EFFECT



# ПЧЕЛАРСКА ТЕТРАТКА

Сликовницата „Пчеларска тетратка“ е изработена во рамки на проектот „Еко разиграна сликовница“ спроведуван од Здружението за развој, едукација и еколошка етика – ПОЛИМАТ 13.

Издавач: Здружение за развој, едукација и еколошка етика - **ПОЛИМАТ 13**
Ул. Маршал Тито бр.64
1484 Богданци
info.polymath13@gmail.com
www.polymath13.mk

Автор: **Дарко Лешоски**
Илустрации: **Ева Петровска**
Лектура: **Оливера Божовиќ**
Дизајн и печатење: **Печатница СОФИЈА**
**Септември 2020**

Сликовницата е целосно или делумно финансирана од Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида) и WE Effect. Сида и WE Effect не мора да се согласуваат со изразените мислења.

# ПЧЕЛАРСКА ТЕТРАТКА





Јован имаше среќа да се роди во едно од најубавите гратчиња во земјата. Неговите жители беа познати по својата љубезност. Јован со своето постаро братче и родителите живееше со своите баба и дедо во нивната фамилијарна куќа. Учебната година заврши пред една недела. Јован ја заврши со одличен успех. Наесен, Јован ќе оди во второ одделение. Игор, пак, го заврши четвртото одделение. Секое утро откога започна летниот распуст Јован го буди својот постар брат Игор и го моли да возат заедно велосипед. И ова утро е така.



„Те молам, ајде речиси е десет часот, стани“ –  му го тргаше Јован тенкиот чаршаф.

„Па ти не знаеш да возиш велосипед“ – мамурно се насмеа Игор.

„Па затоа, бато, ми се смеат другарчињата, сакам да ме научиш“ – тажно извика Јован.

„Па научи се сам, што мислиш мене кој ме научи?“ – извика Игор.

„Па страв ми е да не паднам“ – извика Јован тажно.

„Е па тогаш ќе почекаш додека да пораснеш, мало човече, ти сакаш да знаеш сè...“

Во последно време Игор сè поретко го поминуваше своето слободно време со својот помал брат Јован, тој веќе имаше свое друштво од класот. Со нив, Игор возеше велосипед кој го наследи од својот дедо, Игор беше доволно пораснат и извишен за  да може да го вози.

Јован го обожуваше својот дедо, по кого го добил своето име. Освен своето име, тој од него ја наследи и љубовта кон природата. Па така, додека Игор го поминуваше летниот распуст со своите другари, Јован сè почесто одеше на прошетки низ блиските шумички и полиња со својот дедо.

За време на нивните прошетки, постоеја неколку правила кои требаше обајцата да ги почитуваат:

„Да не се оддалечуваат  еден од друг!“

„Не смее да се газат или убиваат – ниту мравки, ниту какви било малечки животинки!“

„Не смее да се остави никаков отпадок зад себе – ништо освен своите траги од стапалките низ земјените патеки!“

„Не смее да се понесе ништо со себе, ништо освен сликите во мобилниот од неговиот дедо и нивните спомени или сеќавања дека веќе биле на тоа место.“

„Јас и твојот татко не сме ја наследиле оваа земја од мојот татко или мојот дедо, ами сме ја позајмиле, внучко, од тебе и од брат ти Игор“ – знаеше низ смеење да каже дедо му Јован и да го погали по косичката понекогаш додека одмораа седнати под некоја сенка.

„Што зборуваш, дедичко? Не те разбирам“ – ќе го загледаше со подотворена уста малечкиот Јован.

А дедо Јован ќе се насмееше громогласно, дури и ќе се накашлаше низ смеата понекогаш и потем тивко ќе му речеше: „Малечок си сега, но еден ден ќе разбереш што сакам да ти кажам.“

Покрај прошетките Јован и неговиот дедо имаа уште две многу важни обврски: да го подобрат пишувањето и читањето на малиот Јован и секојдневно да ги надгледуваат кошниците со пчели кои ги одгледуваше неговиот дедо недалеку од гратчето.

Тоа одеше вака: Јован со себе земаше една малечка тетратка, молив и гумичка и секојдневно водеше „Пчеларска тетратка“ – како што ја нарекуваа тие двајца.

Кога ќе стигнеа до местото каде што живееја нивните пчели, дедо му му ја облекуваше заштитната опрема, а Јован седнуваше малку подалеку под едно дрво, под сенка, ги забележуваше постапките на неговиот дедо.

Како им се приближува на пчелите, како се облекува правилно заштитната опрема, како се забележува кога нешто не е во ред со нив, како може да се разликува обична пчела од матицата – мајка на пчелите.

Дедо му му диктираше пополека, Јован под сенката запишуваше во својата тетратка.

На почеток, дедо му изговараше слог по слог од зборовите, но како изминуваа деновите, малиот Јован навистина го подобруваше своето пишување и само ќе викнеше радосно: „Напишав!“

Така сè побрзо се слушаше гласот на малиот Јован: „Напишаав!“, а од близината на кошниците преку заштитната мрежа на лицето на неговиот дедо – гласната задоволна насмевка и длабокиот глас: „Бравооо!“

На крајот од проверката на кошниците со пчели, неговиот дедо седнуваше под сенка до Јован да одмори, а Јован го читаше запишаното. Заедно ги поправаа грешките и читаа, дури по три пати: првиот пат пополека, па побрзо, па уште побрзо. Така Јован го подобруваше своето читање. На почетокот Јован дури и кога читаше во себе ги помрднуваше усните, а неговиот дедо смеејќи се му рече: „Па





така дури и јас знам што читаш – научи се да читаш со очите, не со усните, наесен ако продолжиш да читаш така во себе, секој кој ќе те погледне на училиште додека читаш нешто ќе знае што читаш...“

Ова го замисли малиот Јован, но со текот на времето тој сѐ поретко ги мрдаше усните, освен кога ќе наидеше на некој подолг збор – за кој не беше сигурен дека го запишал добро.

Еден ден, додека одеа заедно накај кошниците со пчели, Јован забележа дека дланката на неговиот дедо е влажна и немирна додека ја стега неговата.

Неговиот чекор беше забрзан, па Јован дури и потскокнуваше како зајаче за да го стигне. Некаде на половина пат, Јован не издржа и извика: „Дедо, зошто брзаме, не е во ред ли нешто?“

Дедо му се сепна како да се буди од некој сон : „Ах, не, не, не, сѐ е во ред, чедо, проштевај ако брзав, сѐ е во ред, туку... ја зеде ли Пчеларската тетратка, не ти ја гледам во рачето?“

„Да, дедо, еве ја во задниот џеб ми е превиткана...“ Јован подзастана и се позаврти накај дедо му.

„Одлично“ – рече дедо му.

Денот им помина вообичаено, дедо му само што седна до него и му рече:

„Ајде Јованче пчеларче – читај што имаме денес.“

Јован се насмеа и почна:

12 јули – ИЗДВОЈУВАЊЕ НА МАТИЦАТА

„Наместо да додаваме празен наставок во средината можеме да



постапиме на друг начин. Внимателно, многу внимателно пробуваме да ја пронајдеме матицата. Откако сме сигурни дека сме ја пронашле, таа рамка ја ставаме во празен наставок, и ...“

„Ај ај ај мангуп, многу брзо ми читаш – ништо не те разбрав, па ти веќе си како телевизиски спикер – побавно малку, стар е дедо. “

Јован се насмеа и продолжи побавно.

„Бравооо!“ – извика дедо му и почна да ракоплеска, а малиот Јован стана и со смеење се поклони три пати како да е некој светски пијанист.

Кога стигнаа пред нивната куќа, дедо му му рече: „Јованче, извини им се на татко ти и мајка ти од мое име, ќе ручате без мене денес, нешто не сум гладен, а и некоја дремка ме фати од жешкото, ќе прилегнам во мојата соба малку, па ќе се видиме после во дворот под лозницата, важи?“

„Важи“ – рече тивко Јован и истрча по скалите.

Татко му веќе ги поставуваше чиниите и салатата на маса, Јован посегна со раце да зграпчи од зелената салата.

„Рацеее! Рацете дали се измиени?“ – извика мајка му од кујната, а татко му со смеење и поглед му покажа накај бањата.

Јован извика зачудено: „Ама од кај знаеш? Од кујната како виде, мамо, дека допирам нешто?“

„Мајка сè гледа!“ – рече таа со насмевка и ја постави жешката супа на средина на масата.

„Кај е дедо ти?“ – праша татко му.

„Рече дека не е гладен и дека му е мака од жештината и дека ќе дремне малку...“ – речиси прошепоти некако тажно Јован и отиде пополека накај бањата да ги измие рацете.

„Мака му е од рудникот и за пчелите“ – извика Игор, „не од жештината.“

„Игор!“ – прекорно извика мајка му, „што сме се договориле за ова?“

„Извини...“ – прошепоти Игор, „извини мамо, ми се испушти, сигурно не слушнал...“





„Каков рудник? Зошто му е мака на дедо, мамо?“ – пополека се приближуваше некако плашливо Јован.

„Сине...“ – се сепна мајка му.

„Сине...“ – повтори пак, „дојди седни...“

„Голем е сега, возрасен е ќе разбере, Марга, еве јас ќе му кажам“ – тивко рече татко му на Јован и го фати за рака.

„Сине“ – продолжи татко му. „Ти не гледаш вести, не читаш весници, како и секое дете... сине“ продолжи некако збунето и татко му, „знаеш, блиску до местото каде што одите секој ден ти и дедо ти, блиску до местото каде што живеат нашите пчели, од оваа есен ќе почнат да вршат ископини и ...“

„И?“ – шепна исплашено Јован.

„И ќе се отвори рудник за злато – ќе бидеме богати“ – почна да се смее Игор.

„Игор!“ – извикаа мајката и таткото заедно.

„Сине, ќе се отвора рудник за злато во близина на тоа место, иако никој од нашево гратче не сака бидејќи многу ќе загадува, ќе бидеме загадени, а не богати Игор!“ – погледна таткото накај Игор прекорно.

„И?“ – шепна, пак исплашено и во исчекување Јован.

„И утре и во наредните денови нема да можеш да одиш со дедо ти веќе на тоа место, ќе има протести против рудникот на луѓе од нашето гратче, а дедо ти ќе мора да ги префрли пчелите на друго место.“

„Затоа е замислен дедо?“ – праша Јован.

„Затоа сине... сакаше вечер под лозницата тоа да ти каже, дека утре и понатака нема да може да одите заедно таму.“

„Ги изми ли рацете?“ – мајка му.

„Ги измив“ – изусти тивко Јован со наведната глава и почна да срка од супата.

„Сакаш ли да ми прочиташ од Пчеларската тетратка?“ – праша татко му по ручекот додека одеше накај дворот.

„Не, се уморив и јас од сонцето. Сакам да легнам малку, тато“ – изусти Јован тивко,

„Оди, сине, одмори се, ако“ – рече тој.

Јован пополека се качуваше по скалите.

И ја слушна мајка му како тивко шепоти од кујната: ,,Е како нема да е тажен, многу се приврза за пчелите, Коста, тие пчели дале лек за многу дечиња од нашето гратче, за многу воспалени грла, за многу болести, а сега..."

,,Сега се надеваме на Претседателот на државата, Марга, тој може да го спречи ова."





Јован навистина легна и ги гледаше лисјата како треперат на ветрот низ прозорецот, зрак од сонцето се провираше на неговата дланка и го топлеше како некое светло огинче.

Во тишината Јован си приспомнуваше наројот на пчелите и гласното смеење на својот дедо, одвреме-навреме ја паметеше тивко шепнатата реченица на татко му од пред малку.

„Сега се надеваме на Претседателот на државата, Марга, тој може да го спречи ова.“

Јован наеднаш стана и почна да пишува писмо. Слушна стапки од ходникот. И скокна на креветот преправајќи се дека спие. Мајка му тивко ја затвори вратата.

Јован го отвори едното око и тивко на прсти седна пак на масичката и почна брзо да пишува.

Тој се потпиша со цело име и презиме на крајот и напиша дека како Претседател тој сигурно знае што значи реченицата на неговиот дедо која често му ја повторува дека тој ја позајмил нивната земја од него и брат му Игор, а не ја наследил од неговиот татко. И дека ако знае што значи тоа, малечкиот Јован би сакал да му ја одгатне гатанката.

По кратко време Јован го стутка листот во задното џепче и слезе во дворот каде што под лозницата седеа татко му и Игор.

Татко му праша: „Толку? Се наспа?“

„Мхм“ – рече тивко Јован.

„Игор...“ – извика замислено Јован. „Сакаш ли да се кладиме дека можам да го возам твојот точак?“

„Не можеш“ – извика Игор.

„Е можам“ – извика Јован.

„Еве ако отидам до блискана пошта возејќи го, ќе ми дадеш ли 30 денари?“

„Еве и пеесет ако сакаш.“

„Важи!“

„Сечи, тато.“

Татко им се насмевна.



Јован ги гризна усните со предните заби и навистина се качи. Поштата беше на крајот од нивната улица. Многу блиску.

Татко му и Игор го гледаа со чудење и станаа од столчињата подготвени во секој момент да притрчаат ако се затетерави.

Јован полека запре пред поштата и заврти назад.

„Евеееее заслужено – еве пеесет“– извика со восхит татко му.

А Игор молчеше со подзината уста како сѐ уште да не верува.

„Еј, еј, еј, каде?“ – извика Игор, „каде сега со точакот?“

„Е па уште еден круг до поштата, сега гледаш дека знам, веднаш се враќам.“

„Остави го,“ – со тивка насмевка рече татко му, „гледаш знае“ – и седнаа смирено двајцата пак под лозницата.

Јован погледна наназад, накај нивната куќа и кога виде дека никој не го гледа тој влезе во поштата, остави 50 денари на шалтерот, го извади листот од задното џепче и го замоли човекот да го испрати писмото до Претседателот.

Човекот му рече да не се шегува, а Јован извика: „Ве молам, ме чекаат да се вратам со точакот, ве молам, ве молам, ве молам!“

Неговите молби го замислија и човекот го отвори истутканиот лист.

Поминаа неколку денови. Јован ја криеше својата тајна.

Едно утро тој мислеше дека срцето ќе му излезе од градите од среќа, дедо му го разбуди со најголемата насмевка која му ја видел Јован некогаш, го фрлаше во воздух и го чекаше во рацете: „Будалче, будалче мое!“ – викаше радосно дедо му.

Во истиот миг, со трчање по скалите татко му влезе во неговата соба: „Твоето писмо е на насловните страници на сите весници – Претседателот бара да се запре ископот и да се стопира отворањето на рудникот за злато, сака да те запознае, Јован, излегов порано од работа, морав да те видам, зборувај, сам ли го пишуваше писмото ?“ – и погледна накај дедо му.

„Сам, го испратив со парите кои ги добив на кладба пред неколку дена, се сеќаваш?


ПОШТА



„Одиме денес, дедо?“ – се насмевна Јован и почна да се облекува набрзина.
„Одиме!“ – викна радосно дедо му и го крена Јован в раце.



ПЧЕЛАРСКА
ТЕТРАТКА

МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

WE
EFFECT